Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Државен инспекторат за техничка инспекција
Inspektorati shtetëror për inspektim teknik
Декември, 2022 година
Архивски број: 04-2057/17

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), директорот донесува:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по Интерен оглас број 2/2022 за унапредување на административен службеник во Државен инспекторат за техничка инспекција

1. Кандидатот **Ахмет Ламалари** по пат на Интерен оглас број 2/2022 се избира за работно место УПР0101В02000 Виш соработник за општи работи..
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 2/2022, со архивски број 04-2057/2 од 16.12.2022 година.
3. Именованиот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 04-723/2 од 13.07.2022 година, Директорот упати барање до одделение за управување со човечки ресурси бр. 04-2057/1 од 16.12.2022 година, за објавување на интерен оглас во Државен инспекторат за техничка инспекција.

По добиеното барање, одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 2/2022 за унапредување на 8 (осум) административни службеници во Државен инспекторат за техничка инспекција, на ден 16.12.2022 година, на веб страната на Државен инспекторат за техничка инспекција и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Под реден број 6. на интерниот оглас е работното место УПР0101В02000 Виш соработник за општи работи

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за унапредување на административен службеник формирана од страна на директорот со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник бр. 04-2057/5 од 22.12. 2022 година, направи административна селекција на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за

административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за економија.

Врз основа на освоените бодови од административна селекеција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави записник, од административна селекција за интерен оглас бр.04-2057/10 од 26.12.2022 година, за унапредување на административен службеник, Записник од спроведено интервју бр. 04-2057/11 од 26.12.2022 година, за работно место под реден број 6 категорија В02 и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 2/2022.

Врз основа на ранг листата директорот донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Врз основа на ранг листата директорот донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

**ДИРЕКТОР,**
**DREJTOR,**
**Blerim Ukalli**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
***-именованиот административен службеник***
***-Сектор за управување со ЧР***
***-Архива***

изработил: Ивана Ч.